# РЕТРОспектива

## ВИОЛЕТА БЛАЖЕСКА

## БОГДАН ГРАБУЛОСКИ



Родена во Охрид 1952. Академија за ликовни уметности завршила во Приштина 1980. Работела како професор во гимназија во Прилеп.

Роден во Прилеп 1948. Академија за ликовни уметности завршил во Приштина 1980, а постдипломски студии на Академијата за ликовни уметности во Белград 1990. Работел како кустос во Културниот центар "Марко Цепенков" - Прилеп.


НУ Музеј на современата уметност
НУ КЦ "Марко Цепенков", Прилеп

септември 2015

Необичен според поводот за основањето, но и според проектите чиј број е над илјада сто и триесет, во изминататите децении, НУ Музеј на современата уметност респектирајќи го предлогот на кураторот, одлучи ова ретроспективно „читање” на творештвото на авторите Виолета Блажевска и Јован Грабуловски, да го реализира во нивниот град, каде имаат децениски континуитет во творештвото со автентични случки и локации.

НУ Музеј на современата уметност во 90- тите години на минатиот век, им ги отвори вратите на овие автори и ги вклучи во проектите: Ликовниот експеримент 1995/96; 9 ½ Нова македонска уметност, а во 1996 Музејот ги одбра за претставници на Република Македонија на Биеналето во Сао Паоло - Бразил.

Во оваа 2015 година, како дел од програмата на НУ МСУ подржана од Министерството за Култура, кураторот Марика Бочварова Плавевска, ја подготви оваа ретроспектива, по што ќе следи обемна монографија за овие исклучителни претставници на современата македонска ликовна сцена.

Изложбениот простор во КЦ „Марко Цепенков“, покрај Мермерниот комбинат, е централно место за интервенирање и презентирање на нивното творештво.

Им благодарам на НУ КЦ „Марко Цепенков“, на Мермерниот комбинат и на град Прилеп, за можноста овој проект да го реализираме во катадневното опкружување на авторите.

Елиза Шулевска, директор на НУ МСУ

23. Интернационално биенале, Сао Паоло, 1996 (скица за комората со звук)



Ликовен експеримент, 1995/96
(Прилеп: театарска сцена; Битола: Хераклеја; Охрид: Стар Св. Климент-Имарет; Куманово: Уметничка галерија; Скопје: МСУ)







Од првите контакти остварени за време на студиите се насетува блискиот сензибилитет што понатаму ќе ги здружи во креативна смисла и во брачен живот. Грабулоски се обиде еден период да создава класични скулпторски решенија изработени во мермер, но исчекорот набрзо беше направен и се случии спојувањето на идејните решенија во кои акцентот беше ставен на комбинирањето на мермерот со други материјали (стакло, дрво, метални мрежи, весници итн.), често како redy made. Така нивниот концепт на директно интервенирање во природен, урбан, фабрички или галериски простор ги содржи веќе апсолвираните искуства на т.н. нова уметничка пракса, доминатна во претходните седма и осма деценија на бившита ју-сцена, но без идеолошко-политичка позадина. Едноставно се концентрираа на ликовното во некласично негово доживување, каде што се истакнува неговото значење во сфаќање на процесот на дематеријализација на уметничкиот објект. Моментот на дематерализација, поточно илузионистички замислените скулптурални елементи, проследено често со обработен звук ја дефинираше идејата за прифаќање на нивните повеќеслојно осмислени дела, поради можностите што максимално ги искористија во нивните зафати во различните амбиенти. Сместувајќи ги во широкиот спектар на постмодернистичките појави најлесно е да се споредат со раните и подоцнежните пост-концептуалистички дискурси врзани за нашата уметничка сцена со што се поедностави начининот на класифицирање на идејни решенија, валоризирани како сегменти на актуелните случувања кај нас, па и наградени (Image Box 94).

Првобитно беа забележани на релевантните изложби и интервенциите во Прилеп. Следуваше нивното вклучување во комплексот на проектни презентации: 1993 во Истанбул, во 1994 на *Кутија на слики* во Скопје, потоа низ Македонија со *Ликовниот експеримент* (којшто траеше година ипол 1995/96), малку подоцна на *9 1/2: Нова македонска уметност 1995/96*, партиципираа на Биеналето во Сао Паоло и Биеналето во Санкт Петерзбург, 1996 итн. 2001-та ја одбележаа со мошне возбудливиот *Крикот на глувонемиот* (видео во чија креација учествуваше и ќерката Софија). Тука некаде се заокружува нивната интензивна продукција на креативен план, иако заморот не е нивна крактеристика, бидејќи континуирано се концентрирани на експерименти врзани за нивниот ликовно имагинарен свет.

За крај да споменеме дека на прилепчани подарија меморијално обликуваната инсталација (во дворот на касарната на АРМ) во која се обединети сеќавањата на борците од НОБ и на оние кои загинаа на Карпалак.

# ПРИЛЕП 1986 - 1994

## КЦ „Марко Цепенков“, Мермерен комбинат, градот и околината
























Скопје, Салон на ДЛУМ, 1990



Скопје, Градски плоштад, 1992



Крикот на глувонемиот (видео), 2001



4.Ст. Петерзбург биенале, 1996



Image Box 94

Скопје, 9 1/2: Нова македонска уметност, 1995/96, МСУ



Организација на изложбата: НУ Музеј на современата уметност, Скопје и
НУ КЦ "Марко Цепенков", Прилеп
Издава: НУ Музеј на современата уметност, 2015
За издавачот: Елиза Шулевска, директор
За организаторот: Тони Чатлески
Автор на проектот и текст: Марика Бочварова Плавевска
Соработник: Софија Грабулоска
Дизајн: Илиана Петрушевска
Принтови: Софт Копи

Министерство за култура